РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1212/3

16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ---------- ------------ од н. н. ------------ - Скопје, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 3968 од 2019 година, оформен по пријава број 12 - 3968 /1 од 16.08.2019 година доставена од подносителот ---------- ------------ од н. н. ------------ - Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3968 од 2019 година.

Предметот со број 12-3968 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3968 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3968/1 од 16.08.2019 година како дополнување на пријава заведена под архивски број 12-129/1 од 21.01.2019 година, доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------- ------------ од н. н. ------------ - Скопје. Кон предметот е приклучена/споена и пријавата со број 12-2686/1 од 13.05.2019 година, поради тоа што станува збор за идентична пријава односно копија од пријавата со број 12-129/1 од 21.01.2019 година, која веќе е доставена до ДКСК.

Во доставените пријави изнесени се наводи против лицето ----- -------------- од н. н. -------------- и фирмата „---------------" ДОО Скопје, поради прикажување на невистинити податоци и фалсификување на сметки за комунални услуги а со што било овозможено незаконито легализирање на објект – гаража изградена уште во 1994 година и стекнување со право на сопственост над истиот, како и негово запишување во евиденцијата на Агенцијата за катастар на недвижности.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Агенцијата за катастар на недвижности Скопје за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

доставено е бараното известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за наводи за сомневање во постапка за легализација на објект, кој според наводите на подносителот, првобитно бил купен од неговиот татко како настрешница и потоа доизграден во 1994 година како гаража и кој тој го користел повеќе од 25 години. За оваа купопродажба подносителот на пријавата наведува дека имало договор и дека исплатата по истиот од 500 германски марки била извршена со давање на пари на рака на претходниот сопственик а за сведок на тоа се посочува на негов сосед.

Подносителот на пријавата, на ден 11.12.2014 година поднел барање за легализација на наведениот објект, по кое постапката се пролонгирала до 2018 година, кога повторно поднел барање за легализација на 19.12.2018год, за да тој дознае дека предметниот објект веќе бил легализиран во 2016 година од страна на лицето -------- ----------------- од н. н. ------------ а во постапката за легализација, според подносителот на наведеното лице му било потпомогнато од страна на фирмата „-----------" ДОО Скопје која му го изработила потребниот геодетски елаборат, а кој според подносителот ------ ----------------- бил изготвен врз основа на невистинити и фалсификувани документи и сметки за комунални услуги. Подносителот наведува дека на 20.12.2018 година, од негова страна било поднесено барање до Општина -------- ---------- со кое тој побарал укинување на решението за легализација издадено на наведеното лице, а исто така дека се обратил и до внатрешната контрола на Агенцијата за катастар за недвижности по однос на незаконитата легализација на објектот која била евидентирана во Имотен лист бр.-------КО -----------.

Во дополнувањето на пријавата нафрлени се наводи и за други незаконити дејствија сторени од страна на претходниот Градоначалник на Општина ------ --------- и лице вработено во Општината, по однос на присвоен општински градежен материјал и искористен при градење на сопствени објекти и бара ДКСК да ги провери предметните наводи и да поведе соодветна постапка.

-На 11.03.2020 година, на барање на ДКСК добиен е одговор од Агенцијата за катастар за недвижности Скопје и доставени се Уверенија за историски преглед на извршени запишувања за КП.-----/-- и КП.---/-- запишани во Имотен лист број -------- за КО ---------. При извршениот увид во истите констатирано е дека во 2016 година врз основа на потврда од АКН и Решение за легализација на бесправно изграден објект од 20.10.2015 година и од 22.02.2016 година од Општина ------- --------, во наведениот имотен лист бил запишан имот, ( *стан бр. 1 на приземје во зграда 1 влез, со површина од 64 м$^2$ и помошна површина од 20м$^2$ и деловна просторија бр.1 од 102 м$^2$ во зграда 2 влез 1 на приземје и деловна просторија од 29м$^2$ во зграда 1 влез 1 на приземје- запишана на 22.06.2016*), во сопственост на лицето ------- ------------ со право на сопственост.

- На ден 19.11.2020 година,(во 11,45 часот), од страна на ДКСК остварен е контакт со подносителот на пријавата и во телефонскиот разговор побарана му е информација за тоа дали од негова страна биле водени постапки во врска со предметниот случај пред други надлежни органи и дали имал одговори по барањата од 20.12.2018 година кои ги поднел до Општината и АКН. Од страна на подносителот информирано е за следното:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

* на денот на доставувањето на пријавата до ДКСК од негова страна била доставена и пријава до ОЈО Скопје по однос на сомневањето за фалсификување на сметките, а од кое се уште немал известување за нивното надлежно постапување

*по однос на неговите барања од 20.12.2018, било постапено во период од 2018-2019 година и тоа: од страна на Општина ------- -------- било постапено по барањето на подносителот и предметното решение за легализација било укинато а објектот бил вратен во првобитна состојба, на што од страна на лицето ------- ----------------- била вложена жалба до второстепената комисија при Министерството за транспорт и врски која му ја прифатила жалбата и објектот останал во негова сопственост; од страна на внатрешната контрола на АКН исто така било постапено по барањето на подносителот и тој бил известен дека од нивна страна бил извршен увид на лице место при што објектот им го покажал и им отворило некое друго лице а подносителот бил упатен своите права за случајот да ги бара во судска постапка.

*за овој случај тој се обратил само до ДКСК и до ОЈО а не се обратил до други органи во државата и немал поведено судска постапка.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на други надлежни органи – Општината и АКН, а воедно за конкретниот проблем од страна на подносителот била поднесена пријава до друг надлежен орган - ОЈО Скопје пред кој постапката била во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 1212/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : м-р Ш.С.,член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk